Акционерско друштво за
земјоделско производство
ГД-ТИКВЕШ експорт-импорт АД

Бр. 0202-242/3
09.10. 2023 год.
КАВАДАРЦИ

Согласно чл. 375 од ЗТД Управниот одбор на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци на состанокот одржан на ден 09.10.2023 година ја донесе следната:

# ***П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А***

***За реизбор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за деловната 2023 год.***

**член 1**

Управниот одбор на друштвото предлага за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2023 год. да се избере Друштвото за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДООЕЛ Прилеп.

**член 2**

Оваа предлог одлука да се достави до Годишното Собрание на акционери на друштвото со предлог истата да биде усвоена.

**член 3**

Предлог одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Управен одбор**
**Милев Ристо**

Акционерско друштво за земјоделско производство ГД ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци 1

Акционерско друштво за
земјоделско производство
ГД-ТИКВЕШ експорт-импорт АД

Бр. 0202-242/2
09.10. 2023 год.
КАВАДАРЦИ

Согласно Законот за трговски друштва и согласно Статутот на Акционерско друштво за земјоделско производство ГД-ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци со седиште на ул. Шишка бр.2 во Кавадарци со матичен бр. 5275865 и даночен бр. 4011999112397 (Во натамошниот текст ДРУШТВОТО), Управниот одбор на состанокот одржан на ден 09.10.2023 год. ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**Член 1**

Се предлага склучување на Анекс бр.6 на Договор за рамковен лимит бр.FW90.196 во износ до 2.300.000,00 Евра (два милиони и триста илјади евра) (во натамошниот текст Договор), помеѓу ПроКредит Банка АД Скопје и Друштвото и Винарска визба Милев ГД ТИКВЕШ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци со седиште на Ул. Населено место без уличен систем Трстеник Росоман, со матичен бр. 6876390 и даночен број 4011013510268, во својство на корисници на Договорот за период до 31.12.2038 година.

**Член 2**

Се предлага да се овласти Претседателот на Управен одбор на Друштвото лицето **Милев Ристо** со адреса на живеење на УЛ.БУЛ. КОЧО РАЦИН БР.8 во КАВАДАРЦИ [redacted] да го потпише договорот цитиран во член 1 од оваа предлог одлука.

**Член 3**

Се предлага Претседателот на Управен одбор да биде овластен да воспостави заложно право врз недвижен имот, како и да склучи и потпише со ПроКредит Банка АД Скопје договор за хипотека со својство на извршна исправа врз недвижен имот, а како обезбедување за Договорот за рамковен лимит од член 1 на оваа предлог одлука.

**Член 4**

Се предлага заложното право од член 3 да се воспостави над следниот недвижен имот, опишан во:

1) Имотен лист број 250 КО Трстеник,
ЛИСТ Б со вкупна површина 17416 м2
ЛИСТ В со вкупна површина 5423 м2

2) Лист за предбележувњае на градба број 272 КО Трстеник,
ред.бр. 1, влез 1, кат ПР, намена деловна просторија, површина 74 м2
ред.бр. 2, влез 1, кат ПР, намена деловна просторија, површина 247 м2
ред.бр.3 , влез 1, кат ПО,број 1, намена деловна просторија, површина 356 м2

3) Имотен лист број 11900 КО Кавадарци,
ЛИСТ В
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 2, кат К5, број 15, намена ПП, површина во м2 11
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 2, кат К5, број 15, намена СТ, површина во м2 98

4) Имотен лист број 19860 КО Кавадарци,
ЛИСТ В
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 2, кат К2, број 5, намена ПП, површина во м2 14
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 2, кат К2, број 5, намена СТ, површина во м2 112

5) Имотен лист број 11900 КО Кавадарци,
ЛИСТ В
КП 12418, дел 2, адреса ШИШКА, бр.на зграда 1, влез 3, кат К1, број 1, намена ПП,внатрешна површина во м2 14
КП 12418, дел 2, адреса ШИШКА, бр.на зграда 1, влез 3, кат К1, број 1, намена ДП,внатрешна површина во м2 224

6) Соодветен дел на идеалните делови на земјиштето кои се во сопственост на АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ГД-ТИКВЕШ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ АДКАВАДАРЦИ со ЕМБС 5275865 според Имотен лист број 17809 Катастарска општина Кавадарци, кои сразмерно и соодветно одговараат на Деловниот простор согласно имотен лист број 11900 и на Станбениот простор согласно имотен лист број 11900 и имотен лист број 19860, Катастарска општина Кавадарци

7) Имотен лист број 19827 КО Кавадарци,
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 4, кат К1, број 5, намена ПП, површина во м2 20
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 4, кат К1, број 5, намена СТ, површина во м2 106
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 4, кат К2, број 11, намена ПП, површина во м2 20
КП 12418, дел 2, бр.згр.1, влез 4, кат К2, број 11, намена СТ, површина во м2 108

8) соодветен дел на идеалните делови на земјиштето кои се во сопственост на АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ГД-ТИКВЕШ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ АДКАВАДАРЦИ со ЕМБС 5275865 според Имотен лист број 17809 Катастарска општина Кавадарци , кои сразмерно и соодветно одговараат на Станбениот простор согласно имотен лист број 19827, Катастарска општина Кавадарци

**Член 5**

Заложното право невладетелски залог од прв ред со својство на извршна исправа врз подвижни предмети кое е веќе воспоставено во корист на Прокредит Банка АД Скопје, а како обезбедување за Договорот и понатаму останува.

**Член 6**

Се предлага Претседателот на Управен одбор да биде овластен да го претставува и застапува друштвото пред ПроКредит Банка АД Скопје, да ги потпише сите потребни документи поврзани со договорот за рамковен лимит и како претседател на управен одбор на друштвото да ги склучува и да ги потпише и сите договори за поединечно користење на средства од рамковниот лимит во хартиена или електронска форма со соодветен сертификат.
Се предлага Претседателот на Управен одбор да биде овластен во име и за сметка на друштвото да издаде меница склучена во форма на нотарски акт како обезбедување за договорот за рамковниот лимит, како и да издава меници кои ќе се користат како обезбедување за сите поединечни договори кои се дел од договорот за рамковен лимит.
Се предлага Претседателот на Управен одбор да биде овластен да ги потпише договорите за залог, записниците за попис и опис, општите услови кон договорите и сите други потребни документи за целосно обезбедување на рамковниот лимит и за целосно воспоставување на заложно право во корист на ПроКредит банка АД Скопје.
Се предлага Претседателот на Управен одбор да биде овластен да ги потпишува и сите потребни Анекси за изменување и дополнување на договорот за рамковен лимит, договорот за хипотека и/или залог, како и сите Анекси за изменување и дополнување на поединечни договори кои се дел од договорот за рамковен лимит, склучени со ПроКредит Банка.

**Член 7**

Се предлага Претседателот на Управен одбор да биде овластен да го претставува и застапува друштвото и да потпише пред надлежен Нотар, како и во име и за сметка на друштвото да ги потпише сите извршни клаузули пред надлежниот нотар.

**Член 8**

Оваа предлог одлука да се достави до Собранието на акционери на друштвото со предлог истата да биде усвоена.

**Член 9**

Оваа предлог одлука е во согласност со статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва и има правна важност од денот на нејзиното потпишување.

**Претседател на Управен одбор**
**Милев Ристо**

Акционерско друштво за земјоделско производство ГД ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци 1